


# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ЗА СИТЕ: ВОДИЧ ЗА ИНКЛУЗИВНО МЕДИУМСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Институт за комуникациски студии

наставни принципи

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ЗА СИТЕ: ВОДИЧ ЗА ИНКЛУЗИВНО МЕДИУМСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## – НАСТАВНИ ПРИНЦИПИ –

**Институт за комуникациски студии**
**2024**

Институт за комуникациски студии

respublica

**Наслов на публикацијата:**
Водич за инклузивно медиумско образование – наставни принципи

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica

**Автори:**
Јорданка Черепналкова Трајкоска, м-р Вилдан Даутовска, м-р Викторија Пауноска, вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска, Александра Теменугова

**Уредник:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Графички дизајн:**
Татјана Коцева

**Техничко уредување:**
Дејан Јовески

**Место и година:**
Скопје, мај 2024 година

Овој водич е создаден како дел од проектот Инклузивно и креативно медиумско образование (ICME). Главен координатор на проектот е Финскиот национален аудиовизуелен институт (KAVI), додека партнери се Институтот за комуникациски студии и Универзитетот во Фиренца од Италија. Проектот има за цел да развие оперативни модели на иновативни активности за медиумска писменост од инклузивни и креативни перспективи.

Ко-финансирано од Европска Унија

Финансирано од Европската Унија. Изразените ставови и мислења се на авторите и не секогаш ги одразуваат мислењата на Европската Унија и Европската извршна агенција за образование и култура (ЕИАОК). Ниту Европската Унија ниту ЕИАОК не ја сносат одговорноста за нив.

# СОДРЖИНА


**01 За водичот** 5
- Зошто овој Водич? 5
- Кој учествува во подготовката на водичот? 6
- Што да очекувате и за кого е наменет? 7

**02 Што е инклузивно медиумско образование и зошто е важна инклузивноста?** 8
- Образование од перспектива на еднаквоста и праведноста 8
- Зошто е важно да се промовира еднаквоста во активностите за медиумска писменост? 9

**03 Што значат наставните принципи за инклузивно медиумско образование?** 11

**04 Активности што ги следат наставните принципи на инклузивно медиумско образование** 19
- Активност 1 – интегрирана активност со фокус врз предметите Општество и Ликовно образование 20
- Активност 2 – слободна ученичка активност со фокус врз креативноста и разбирање на упатствата 24
- Активност 3 – инспирирање за творење во стих преку пребарување со клучен збор на интернет 27
- Активност 4 – креативна творечка активност со фокус врз партиципацијата и контекстуализацијата 30
- Активност 5 – интегрирана активност за медиумска писменост и еднаквост 33

**05 Заклучок** 37

**ПРИЛОЗИ** 39
- Прилог 1. „Мојот дневник на инклузивно медиумско образование“ 40
- Прилог 2. План за реализација на активност 2: „Како да придонесам за мојата безбедност и безбедноста на другите во сообраќајот“ 42
- Прилог 3. План за реализација на активност 3: „Мојата песничка – моја слика за шарен свет“ 44
- Прилог 4. План за реализација на активност 4: „Запознај ја нашата татковина за да ја засакаш повеќе“ 45
- Прилог 5. План за реализација на активност 5: „8 Март – Светски ден на жената“ 46
- Прилог 6. Тројца наградени ученици на конкурсот „Мојата песничка – моја слика за шарен свет“ со учество на нивни песни подготвени во рамки на истоимената активност 47

**Користени извори** 49

# 01 ЗА ВОДИЧОТ

## Зошто овој Водич?

Водичот е подготвен со цел да им помогне на наставниците да размислат и да ја подобрат својата наставна пракса преку примена на наставните принципи за обезбедување инклузивност во медиумското образование.

Наставните принципи се насоки, при планирање на активности за медиумско образование и медиумска писменост, наставникот да размисли и обезбеди еднакво и праведно учество на секој ученик, да избере содржини што поттикнуваат инклузивност, учество, соработка, да користи материјали и ресурси со инклузивна содржина итн.

Водичот објаснува примена на десет наставни принципи:

- Планирање на активностите во рамки на важечките и задолжителни насоки
- Рефлексија за сопствените активности, ставови, компетенции и развојни потреби
- Преглед на расположливите ресурси и планирање на медиумското образование во рамки на ресурсите
- Користење содржини и материјали кои поддржуваат еднаквост
- Соработка каде што е можно
- Реализирање на медиумското образование на партиципативен и контекстуализиран начин
- Поттикнување на  учеството во сите фази од работата
- Внимавање дали активноста е пристапна за сите
- Создавање безбеден простор за учење и работа
- Подготвеност за прилагодување според ситуацијата

Овој водич претставува адаптација на финскиот модел на инклузивно медиумско образование преку следење на наставните принципи во реализација на наставни содржини од медиумското образование. Финскиот модел, како и овој водич се изработени како дел од проектот Инклузивно и креативно медиумско образование во чии рамки партнер е Институтот за комуникациски студии.

### Кој учествува во подготовката на водичот?

Примената на наставните принципи е разработена во подолу опишаните активности спроведени во текот на февруари и март 2024 година во две основни училишта од Скопје, ООУ „Јашар Беј“, општина Чаир и ООУ „Љубен Лапе“,  општина Аеродром. ООУ „Јашар Беј“ е основно училиште во кое наставата се изведува на три наставни јазици – македонски, албански и турски, додека во ООУ „Љубен Лапе“ се одвива настава само на македонски наставен јазик. ООУ „Јашар Беј Шкупи“ се наоѓа во етнички разновидна средина, а семејствата на учениците доаѓаат од различни социо-економски услови. непосредно до Музејот на Македонија и Скопското кале, активности.

Примената на наставните принципи е разработена во подолу опишаните активности, спроведени во текот на февруари и март 2024 година во две основни училишта од Скопје, ООУ „Јашар Беј“, Општина Чаир и ООУ „Љубен Лапе“,  Општина Аеродром. ООУ „Јашар Беј“ е основно училиште во кое наставата се изведува на три наставни јазици – македонски, албански и турски, додека во ООУ „Љубен Лапе“ се одвива настава само на македонски наставен јазик. ООУ „Јашар Беј Шкупи“ се наоѓа во етнички разновидна средина, а семејствата на учениците доаѓаат од различни социоекономски услови. Предноста на ова училиште е тоа што е лоцирано до Старата скопска чаршија, непосредно до Музејот на Македонија и Скопското кале, така што овозможува полесна реализација на многу културни, историски и социјални активности.  Училиштето активно учествува во многу државни и меѓународни проекти. Поради мултиетничкиот состав на кадарот и учениците, училиштето има тесна соработка со многу институции, како што се: Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Општината Чаир, Детскиот културен центар Карпош, Македонскиот центар за граѓанско образование, Македонскиот институт за медиуми, Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“, и др. ООУ „Љубен Лапе“ успешно реализира постојана соработка и вмрежување со институции, со што се овозможува развивање на инклузивноста и мултикултурализмот преку едукација и вклученост на наставниот кадар и на учениците во различни проектни активности од екстерен и интерен карактер, со грижа и поддршка за секого.

## Размислете:

- **Според вас, зошто е важно да се промовира инклузивноста?**
- **Кои силни страни ги препознавате во вашата работна средина за промовирање на инклузивноста?**
- **Кои луѓе во вашата работна средина можат да придонесат за промовирање на инклузивноста?**
- **Што мислите, кој би бил најлесниот начин да започнете со развивање инклузивни акции?**

Активностите преку кои е објаснета примената на наставните принципи на инклузивното медиумско образование се реализирани со ученици од трето одделение од двете училишта, една паралелка од турска настава од ООУ „Јашар Беј“ и една паралелка од македонска настава од ООУ „Љубен Лапе“,  спроведени од нивните одделенски наставнички Вилдан Даутовска и Викторија Пауноска, двете сертифицирани обучувачки за медиумска писменост.

## Што да очекувате и за кого е наменет?

Водичот дава објаснување што претставува инклузивното медиумско образование,  ги претставува наставните принципи преку нивна примена во реализација на неколку активности и ви поставува прашања за размислување.

Дадените примери-активности се токму тоа – примери и намерата е да ве поттикнат да размислите дали, како и колку често и свесно ги применувате секој или некои од наставните принципи дадени во водичот.

Водичот е наменет и отворен за примена од одделенски наставници и од раководители, од предметни наставници, од стручни соработници и од секого кој верува дека секогаш има простор и потреба од надградба, размислување и ревидирање на сопствените знаења и вештини.

# 02 ШТО Е ИНКЛУЗИВНО МЕДИУМСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ЗОШТО Е ВАЖНА ИНКЛУЗИВНОСТА?

Разновидните медиумски содржини се присутни во секојдневниот живот на секој поединец, па оттаму медиумската писменост е важна компетенција во секојдневието. Медиумската писменост се гради преку медиумското образование.

Медиумската писменост е збир од вештини и таа не е еднакво развиена кај сите поединци и групи, туку варира меѓу различните групи луѓе и заедници, но и внатре во нив. Факторите како јазикот, образованието, социјално-економскиот статус, животните околности, културната заднина, местото на живеење, здравствениот статус и возраста може да имаат влијание врз нечија способност да ги користи, да ги разбере и да ги произведе медиумските содржини. Овие фактори, исто така, се поврзани и со обрасците на користење на медиумите, како и со присутноста, достапноста и привлечноста на медиумското образование.

Инклузивното медиумско образование ги охрабрува и ги користи различните искуства на учениците, дури и оние што се чинат неважни, во процесот на учење за медиумите и во нивниот живот со медиумите.

## Образование од перспектива на еднаквоста и праведноста

Од перспектива на промовирање на еднаквоста, ограниченоста на ресурсите, нееднаквоста во пристапот до медиумите за различни групи и поединци, недостигот од соодветни вештини, недоволното планирање и координација претставуваат најчести предизвици во инклузивното медиумско образование. Многу често постои и тесно разбирање на медиумското образование, на медиумската писменост и на сеопфатното влијание на медиумите врз животот на луѓето. Тоа доведува до состојба во која медиумското образование се спроведува индивидуално и одвоено од различни актери, кои доаѓаат од различни сектори. Многу е важно да постои соработка со која ќе се надминат секторските и другите граници, за да се зголеми еднаквоста во медиумското образование.

Инклузивниот пристап во медиумското образование и медиумската писменост се фокусира врз еднаквоста и праведноста и врз вклучување лица од различни средини. Овој пристап се заснова врз правата на еднаквост, врз слободата на изразувањето и на образованието.

Инклузивноста во медиумското образование подразбира, исто така, **усогласување** на реализацијата на однадвор поставените **цели на учењето** со **потребите на учениците** и општата добросостојба, имајќи го притоа на ум ограничувањето наметнато од должината на наставните програми.

За да се промовира еднаквоста, медиумското образование треба **да ги земе предвид компетенциите и вештините на поединците**, што многу лесно се превидува доколку се истакнуваат и се земаат предвид само потребите на различни групи од популацијата како целини.

Во процесот на дефинирање на приоритетите и темите, обезбедувањето инклузивност во активностите на медиумското образование бара в**клучување на едукатори кои не потекнуваат само од медиумите.** Стручноста на невладините организации, различните експерти и врсниците, треба да се користи во поголема мера во медиумското образование.  Ова може да се овозможи преку контакти меѓу различните актери во медиумското образование.

Генерално, **врсничките активности** се сметаат за добар начин за зголемување на пристапноста и на праведноста во медиумската писменост. Преку врсничките активности, учениците кои се соочуваат со слични предизвици може да ги споделат своите искуства. Експертите, пак, преку примери може да ги охрабрат оние кои се соочуваат со предизвикувачки ситуации како да ги надминат.

Во денешното општество во кое доминира текстот и медиумите, лингвистичката слабост може да доведе до исклученост. Од перспектива на инклузивноста, постои потреба од **поголема и почеста употреба на едноставен, обичен јазик** во општествената комуникација. Поголемата употреба на едноставен, разбирлив јазик ќе им овозможи на сите полесно да ги примат информациите, да ги изразат своите идеи и да учествуваат во јавните дискусии.

## Зошто е важно да се промовира еднаквоста во активностите за медиумска писменост?

Медиумското образование и промовирањето на медиумската писменост, покрај тоа што го градат капацитетот за активен и критички однос кон медиумите, градат и **компетенции за влијаење врз медиумската култура.**

Медиумското образование се одвива и произлегува од доминантната индивидуалистичка медиумска култура. Таквата медиумска култура поттикнува индивидуалистичката употреба на медиумите што, пак, може да доведе до ситуација во која луѓето имаат помалку можности да слушнат различни мислења и да формираат заедничко разбирање. Во контекст на инклузијата, многу е важно **да се промовира плурализмот, медиумската писменост и споделеното разбирање.**

Без **пристапно и еднакво медиумско образование за сите**, не може да постои плуралистичка медиумска култура. Многу е важно да се разбере дека *преку промовирање еднаквост и пристапност во медиумското образование, во медиумската писменост и во медиумската култура, се зголемува инклузијата на сите во едно општество и се зајакнува демократијата*. Промовирањето на еднаквоста и пристапноста не значи само посебни решенија наменети за определени групи од популацијата. Поширoко, промовирањето на пристапноста и на еднаквоста ги **подобрува условите за сите да функционираат во медиумската средина** и со тоа ја поддржува самодовербата и контролата врз медиумската култура, во различни фази од животот.

Во контекст на медиумското образование, инклузијата и инклузивноста се однесуваат на проширувањето на опфатот на целните групи, вклучувајќи ги и оние кои имаат тешкотии со пристапноста, од една страна, но и на зголемувањето на користењето на мултимодални текстови и технологии, од друга. Оттаму, целта на инклузивното медиумско образование би била, без оглед на културата, родот, или јазикот, **сите деца и младинци да ги уживаат придобивките од медиумската писменост и од целосното учество во јавниот живот.**

Во овој контекст, ширум светот голем дел од програмите за медиумско образование се фокусираат врз изготвување посебни програми за поголемо вклучување на маргинализираните општествени групи, како пензионерите, лицата со попреченост, сиромашните, етничките малцинства, младите кои живеат во сегрегирани делови од градот, младите „во ризик“ итн. Целта на овие програми е да се слушне гласот и мислењето на овие маргинализирани групи.

Од друга страна, инклузивното медиумско образование ги образува учениците (од кои најголемиот број не припаѓаат на маргинализираните групи) преку начини во кои социјалната правда, праведноста и соработката се негуваат, без оглед на социјално-културното потекло на учениците, и ги поддржува децата и младите во справувањето со доминацијата и хегемонијата на белата раса во медиумскиот простор.

Медиумското портретирање на луѓето и на ситуациите честопати ги засилува предрасудите и стереотипите и на тој начин придонесува кон општествена поделба, дискриминација и исклученост. Оттаму,  инклузивното образование за медиумска писменост треба во исто време да е **насочено и кон мнозинството ученици и кон учениците кои живеат на маргините на општеството.** Освен едуцирање на децата да ги анализираат и критички да ги оценуваат медиумските пораки, медиумското образование, исто така, може да ги поддржи децата и младите во користењето на медиумите за **поврзување со луѓе од различни култури и земји** и да заземат **став против негативните стереотипи** и претпоставки за другите. Медиумското образование може да придонесе за поинклузивно општество на различни и комплексни начини.

# 03 ШТО ЗНАЧАТ НАСТАВНИТЕ ПРИНЦИПИ ЗА ИНКЛУЗИВНО МЕДИУМСКО ОБРАЗОВАНИЕ?

Планирањето и осмислувањето **инклузивна работа за медиумска писменост** не е едноставна или лесна цел. Потребно е време, посветеност, експериментирање и учење. Сепак, секогаш постои можност секој да направи нешто. Можете да преземете мали чекори и не мора да правите сè сами. Важно е да започнете со храброст, дури и ако не знаете сè однапред.

Развојот е заеднички процес: секој може да учи од другите и секој има што да ги научи другите. Активностите може да се планираат и да се имплементираат самостојно, со партнер или со колега, со засегнати страни и мрежи или заедно со учесниците. **Водењето, планирањето и структурата се важни во создавањето услови за еднаква работа.**

Овие наставни принципи се подготвени од партнерите од Националниот аудиовизуелен институт (KAVI) од Финска, а целта е да послужат како „список за проверка“ и да ви помогнат да размислувате и да најдете начини да ја подобрите сопствената практика. Наместо готова содржина, наставните принципи ќе ви помогнат да започнете или да ја развивате вашата работа понатаму. Тие не се прецизна инструкција, туку збирка перспективи, размислувања и совети кои може да бидат од помош при планирањето активности. Тие се исто така основа за дискусија и за идентификување на вашите сопствени сили. Можете да почнете да гледате на нив од аспект, на пример, на принципот што го сметате за најважен.

Наставните принципи треба да се разгледуваат од три перспективи: 1) перспектива на практиките за медиумско образование, 2) перспектива на материјалите и од 3) перспективата на комуникацијата.

Слободно приспособете ги наставните принципи и нивната содржина за да одговараат на вашата работа. Можете исто така да ги дополнувате и да ги развивате врз основа на вашето искуство и експертиза.

## НАСТАВЕН ПРИНЦИП 1:
### Планирање на активностите во рамки на важечките и задолжителни насоки

Медиумското образование и еднаквоста се регулирани со голем број закони и други упатства. Разберете кои од овие документи се обврзувачки за вас, а кои ги водат вашите постапки – земајќи го предвид медиумското образование за еднаквост.

При планирање на активностите, земете ги предвид сите насоки и планови што се однесуваат на вашите активности. Обидете се подобро да ја земете предвид еднаквоста. Поставете долгорочни и краткорочни цели за активностите за медиумско образование, врз основа на вашите насоки и планови за градење еднаквост на долг рок.

Направете видлива врска меѓу медиумскиот едукативен материјал што го произведувате и користете ги политиките што го водат, така што корисникот да е свесен за врската.

Примери на документи кои ја водат работата за инклузивна медиумска писменост:

- Рамка за медиумска писменост во основното образование, Биро за развој на образованието
- Прирачник за медиумска писменост за млади, за медиуми и за граѓански организации
- Мрежа за медиумска писменост
- Универзалната декларација за правата на човекот (Службен весник на РМ бр.57/93)
- Конвенција на ОН за правата на детето (Службен весник на РМ бр.12/02)
- Комитетот на ОН за правата на детето Генерален коментар за правата на децата во однос на дигиталната средина
- Конвенцијата за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба на Советот на Европа (Конвенцијата од Ланзарот) (Службен весник на РМ бр.135/10)
- Законот за заштита на личните податоци

## Размислете:

- **Кои документи се задолжителни, обврзувачки и мора да ги следите во вашата работа, а кои не се обврзувачки, но даваат добри насоки?**

## НАСТАВЕН ПРИНЦИП 2:
## Рефлексија за сопствените активности, ставови, компетенции и развојни потреби

Рефлексијата за сопствената работа е континуиран процес, и добро е да ги испланирате моментите кога можете да направите рефлексија за вашата работа, на пример, во истиот контекст кога го оценувате учењето/знаењето на учениците. Можете дури да направите рефлексија и во соработка со учениците.

Поставете цели за вашите активности за инклузивно медиумско образование и измерете колку се постигнати.

Размислете и за одговорноста на наставникот во активностите за медиумско образование: На пример, дали вашиот пристап е родово сензитивен и дали ги следи насоките според кои се водите? Дали со вашите постапки давате пример за промовирање еднаквост и инклузивност? Дали сте отворени за средба и за разговор за различни перспективи?

Размислете и за материјалот што го подготвувате и дали тој ги одразува вредностите на вашата работа. Проверете дали стариот материјал е ажуриран. Размислете како избирате кои слики, теми и слично ќе ги искористите во материјалот. Дали материјалот промовира различни перспективи и луѓе?

Спроведете ги заклучоците до кои сте дошле во процесот на рефлексија во практика. Медиумското образование, само по себе, може да биде средство за развивање на сопствените вештини и ставови. Еден начин за спроведување на резултатите од рефлексијата во практиката, и на тој начин развивање активности, е да се пилотираат нови идеи.

## Размислете:

- **Кога во вашата работа постои можност за рефлексија или, пак, за усовршување на вашите вештини или ставови, како дел од активностите за медиумско образование?**
- **Дали материјалот ги одразува вредностите на активностите? Дали сте го обновиле стариот материјал?**

## НАСТАВЕН ПРИНЦИП 3:
## Преглед на расположливите ресурси и планирање на медиумското образование во рамки на ресурсите

Погрижете се да имате доволно ресурси за да ја завршите работата. Начинот на којшто се управува со ресурсите може да влијае врз доволноста на ресурсите. Онаму каде што е потребно, барајте можности за зголемување на ресурсите. Активно лобирајте повисоко за да ги зголемите ресурсите и следете ги можностите за грантови.

Сепак, не се врзувајте за постоечките ресурси, туку продолжете и експериментирајте смело. Запомнете, исто така, дека работата со други организации може да овозможи да се работи со помалку ресурси.

Изготвувањето материјал за медиумско образование кој промовира еднаквост не бара дури ни големи ресурси. Можете да приспособите и да рециклирате готови материјали за различни намени и за употреба со различна публика.

Освен тоа, медиумското образование не бара секогаш дигитална опрема или онлајн-пристап, туку може да се спроведе и со користење на традиционални медиуми. Ако е потребна дигитална опрема, но не е достапна, позајмете или користете заедничка опрема. Можете, исто така, да бидете креативни и сами да направите широк спектар од медиуми.

Имајте предвид дека **медиумското образование не мора нужно да биде самостојна активност – можете да се обидете да го интегрирате со други активности и со различни теми. Еднакво, комуникацијата за градење еднаквост не мора да биде одвоена од другата комуникација.** Комуникацијата за еднаквост има тенденција да допре до широк опсег од луѓе.

## Практични совети:

- **Направете годишен календар за медиумско образование. Целта е да ги распределите потребните ресурси во текот на годината и да го спуштите прагот за преземање акција.**

» **Размислете за соработка помеѓу училишните предмети од перспектива на медиумско образование. Настојувајте да го интегрирате медиумското образование во нив.**
» **Искористете ги предностите на услугите што ги нудат библиотеките. Библиотеката има списанија, книги и други материјали кои можете да ги користите на самото место или да ги позајмите.**
» **Изведете/спроведете медиумско образование без дигитални уреди, со истражување на локалните весници.**

Дознајте за локалните можности за позајмување дигитална опрема.

**Размислете:**

» **Од гледна точка на вашето училиште, како може да ги зголемите вашите ресурси?**

## НАСТАВЕН ПРИНЦИП 4:
## Користење содржини и материјали што поддржуваат еднаквост

Пред да ја испланирате и да ја спроведете активноста, разјаснете си ги клучните содржини на медиумското образование, земајќи ги предвид вашите ученици; размислете за различни опции за спроведување на активностите и изберете ги најсоодветните за вашата ситуација.

Спроведете активности што ја поддржуваат еднаквоста. Земете ги предвид актуелните медиумски феномени што се важни за секојдневниот живот и користете теми што се заеднички за различни групи ученици, на пример,  емоционалните и интеракциските вештини на учениците.

Користете разновиден, висококвалитетен материјал што ја поддржува и ја промовира еднаквоста и е достапен, мотивирачки и актуелен. Користете различни медиуми и погрижете се материјалот да е соодветен за вашите ученици. Понекогаш користењето, на пример, фотографија или цртеж/стрип, создава основа за дискусија, дури и за предизвикувачки теми.

## НАСТАВЕН ПРИНЦИП 5:
## Соработка секогаш и секаде каде што е можна

Различноста и промените во медиумската култура се повидливи низ соработката и мрежите за соработка.

**Размислете:**

» **Кои се најважните, клучните содржински области за вашите ученици?**

Размислете за можностите за соработка во и надвор од вашето училиште. На пример, разгледајте какви локални услуги има во околината на вашето училиште. Определете ресурси за соработка.

Разгледајте опции за работа во партнерство или соработка со професионалци од други сектори: дискутирајте, споделувајте информации и размислувајте. Создајте простор за заеднички дизајн.
Поканете надворешни посетители на вашите активности за медиумско образование. Информирајте ги однапред посетителите за специфичностите и за компетенциите на вашите ученици.

Можно е, а често и мудро, да се продуцираат материјали за медиумско образование како заеднички проекти. Различни организации можат да користат ист основен материјал за различни цели.

Мрежата за соработка може да ги вклучува и родителите/старателите или роднините на учениците. Затоа, разгледајте ги можностите за соработка со нив. Но имајте на ум дека не секој може да има ист капацитет (време, ресурси, знаење и сл.) да ги поддржува своите деца или да се запознае со материјалот.

## НАСТАВЕН ПРИНЦИП 6:
## Реализирање на медиумското образование на партиципативен и контекстуализиран начин

### Размислете:

» **Со кого надвор од вашето училиште би сакале да соработувате за да ја промовирате еднаквоста?**

Кога ја **планирате активноста**, земете ја предвид различноста на учениците. Однесувајте се кон нив како поединци и како еднакви. Планирајте активности според потребите на учениците и нивното ниво на компетентност. Мотивирајте ги учениците на начин што им одговара. Изградете мостови помеѓу училиштето и слободното време. Извлечете ги практичните лекции од секојдневниот живот на учениците и од медиумската култура.

Подгответе и употребувајте квалитетен **материјал**, соодветен и интересен за учениците. Земете ја предвид различноста на луѓето претставени во материјалот, и во задачите и во илустрациите. Подобрете го материјалот со примери приспособени кон учениците. Кога **комуницирате**, обрнете внимание на јазикот што го користите. Вклучете широк опсег на луѓе во вашата комуникација. Изберете соодветни методи и канали за комуникација. Освен ако вашата комуникација не е конкретно насочена кон определена целна група, нагласете ја еднаквоста наместо определени групи.

## Размислете:

- **На кои начини можете да ја зголемите партиципативноста во вашите активности за медиумското образование?**

## Практични совети:

- **Разгледајте истражувања, литература или друг материјал за различни целни групи.**
- **Идентификувајте ги желбите и потребите на учениците преку дискусија, анкета или „мапа на соништата[1]" и искористете го ова за да обезбедите насочена содржина на медиумско образование.**
- **Користете актуелни примери, како што се вести или социјални медиуми, во вашата настава за медиумско образование.**

### НАСТАВЕН ПРИНЦИП 7:
### Поттикнување на учеството во сите фази од работата

Намерно спуштете го прагот за учество. Зајакнете го искуството на учениците како агенти на промената. Размислете за можноста за анонимно учество (на пример, поради чувствителноста на активноста или темата).

Учениците имаат богато знаење што треба да се искористи при дизајнирањето на активноста. Прашајте ги што сакаат и какви идеи имаат. Погрижете се сите ученици да имаат еднаков глас и да се земе предвид перспективата на сите. Користете активности што поттикнуваат соработка и учење од врсници. Заедно со учениците планирајте ги темите и целите на материјалот. Искористете ги нивните вештини и знаења, за да разработите активности, материјали и содржини за медиумско образование.

Прашајте ги учениците за мислење за активностите на различни начини, а потоа подгответе активности, материјали и комуникација врз основа на овие информации.

### НАСТАВЕН ПРИНЦИП 8:
### Водење сметка активноста да е пристапна за сите

При спроведување на активноста, водете сметка за:

- времето и местото кога активноста е надвор од училиштето – дали се лесно достапни за учениците? Погрижете се сите учесници да стигнат таму и просторот да е достапен. Доколку е потребно, користете помагала за учење како поддршка на активноста да биде пристапна за сите.

---

1. Визуелен метод за тимовите да го најдат најбрзиот пат до целта, да создадат усогласување и заедно да ги реализираат соништата. Забавен и привлечен начин на мерење на резултатот и исходот, но и на заедничко работење работи кои навистина се важни.

- различни алатки за визуелизација (нагледност) за да постигнете заедничко разбирање – како може да го илустрирате вашиот говор, да речеме, со конкретни примери? Користете услуги за толкување и речник каде што е потребно.
- достапни материјали и без бариери – објаснете ги клучните поими во материјалот. Кога е можно, обезбедете текстуални и аудиоверзии на материјалот. Не заборавајте да ги титлувате видеата. Јасен, едноставен и концизен јазик и распоред на текст ќе помогне да се направи материјалот полесен за разбирање. Користете материјал што привлекува различни сетила. Илустрирајте ги материјалите.
- смела и разновидна употреба на различни начини и канали на комуникација за да ја промовирате пристапноста. Комуницирајте и преку дигитални и преку традиционални медиуми.
- текстови на сликите за да ја објасните нивната содржина. Изберете го јазикот на комуникација што поттикнува пристапност. Не заборавајте да користите конзистентен јазик: систематски користете ги истите термини и изберете слики според текстот.
- социјалната пристапност – како ќе промовирате инклузија кога некое лице е исклучено поради дискриминација или страв од дискриминација? Доколку е потребно, организирајте специфични групи за малцинствата.

**Размислете:**

- **Како може да го приспособите најпопуларниот материјал на обичен јазик?**

## НАСТАВЕН ПРИНЦИП 9:
## Создавање безбеден простор за учење и работа

**Размислете:**

- **Што е вклучено во принципите за безбеден простор на вашето училиште?**

Разгледајте ги со учениците принципите и практиките поврзани со безбеден простор. Родово сензитивниот пристап и пристапот на почитување на правилата нека ви бидат почетна точка. Погрижете се содржината на материјалот да е во согласност со принципите на безбеден простор. Користете јазик и слики соодветни на учениците, но зборувајте точно и кажувајте ја вистината – не разубавувајте ги нештата.

Кога користите филмови, ТВ-програми, игри или содржини од социјалните медиуми во активности за медиумско образование, обрнете внимание на старосните ограничувања. Дискутирајте со учениците за надворешните фактори на ризик поврзани со различни медиумски платформи, како што се онлајн-ризиците. Користете недискриминаторски јазик во вашиот говор, материјал и друга комуникација. Комуницирајте со свесна намера да ја подигнете свеста за принципите на безбеден простор. Изградете побезбедна медиумска култура преку вашата сопствена комуникација.

## Практични совети:

» **Користете ги информациите за старосните ограничувања обезбедени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

### НАСТАВЕН ПРИНЦИП 10:
### Подготвеност за приспособување кон ситуацијата

При осмислување на вашите инклузивни практики бидете флексибилни. Структурирајте ја активноста на таков начин за да можат учениците да учествуваат на различни начини и во различни фази. На пример, ако некој не може или не сака да учествува на самото место, може да учествува од далечина, или ако некој не сака да се појавува на јавен настан (приредба на пример), може да учествува и да придонесе во подготовките. Искористете ги различните педагошки пристапи и медиуми. Бидете храбри и креативни во искористување на ситуациите кои се појавуваат во текот на процесот. Направете го материјалот лесно достапен и приспособлив по потреба. Планирајте ги задачите на начин што овозможува поголема јасност и може да се раздели на помали делови – во зависност од ситуацијата. Бидете подготвени да одговорите преку комуникација и бидете во интеракција со луѓето.

## Размислете:

» **Што може да придонесе за поголема флексибилност во вашите активности?**

# 04 АКТИВНОСТИ ШТО ГИ СЛЕДАТ НАСТАВНИТЕ ПРИНЦИПИ НА ИНКЛУЗИВНО МЕДИУМСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во овој дел се претставени пет активности реализирани со ученици од трето одделение, на возраст од 8 години, од ООУ „Јашар Беј Шкуп“ и ООУ „Љубен Лапе“, преку кои се прикажува примената на еден или на повеќе од наставните принципи во рамките на редовната настава во овие училишта. За секоја активност би било добро наставникот да води дневник за рефлексија, со фокус врз наставните принципи што се клучни. Предлог-прашања за рефлексија се дадени во Прилог 1. „Мојот дневник на инклузивна медиумска писменост“, којшто може да го следат наставниците доколку го сметаат за корисен.

Сите активности се во рамките на предвидените наставни содржини и образовни цели и избирајќи ги нив се покажува дека наставните принципи може да се применат за секоја активност од наставните содржини. Оттаму, не е неопходно да се смислуваат нови активности, вон наставната содржина, туку може при планирањето на редовните да се применат еден или повеќе од наставните принципи со цел истите активности да бидат поинклузивни. Бројката на овие активности и применетите принципи може да варира. Во секој случај, колку повеќе принципи се земат предвид при планирањето на активностите, толку подобро. Во прилозите 2 до 5 дадени се сценаријата за час за секоја од активностите, а во продолжение објаснето е кој наставен принцип е главен во активноста и размислувањата на наставничките за корисноста од следењето на принципот. Двете наставнички водеа дневник за рефлексија при пилотирањето на наставните принципи во активностите.

Сите претставени активности се дел од наставните содржини предвидени за неколку предмети од трето одделение и во сите во фокусот е развивањето на компетенциите од медиумска писменост во рамките на предметот Мајчин јазик: пребарување на интернет (линкови, клучни зборови, Гугл) и креирање едноставни медиумски содржини.

**Забелешка:** Важно е да се напомене дека е многу тешко да се издвои одреден принцип за планирање и за реализација на активностите, бидејќи секој принцип е од голема важност и скоро сите се вклучени при планирање и реализација на активностите за инклузивна медиумска писменост, всушност принципите се дел од нашиот нов реформиран образовен систем и се опфатени во новата (од 2021 година) образовна концепција. Првиот  клучен принцип врз којшто се потпира оваа концепција е токму инклузивноста, сфатена многу широко – од опфат на сите деца, преку потреби и интереси на децата, сѐ до вклучените содржини во наставните  програми, учебници и материјали.

## Активност 1 – интегрирана активност со фокус врз предметите Општество и Ликовно образование

### НАСТАВЕН ПРИНЦИП ВО ФОКУС

За време на реализацијата на интегрирани активности за инклузивна медиумска писменост може да се застапени повеќето од наставните принципи, но фокусот во оваа активност е врз принципот:

- *Поттикнување на учеството во сите фази од активноста*
- *Учеството на учениците се поттикнува од почеток, од воведната активност, преку начинот на работа – работа во групи по тројца во кои секој има улога, потоа во изработката на превозното средство, сѐ до крајната рефлексија за активноста.*

„Како да придонесам за мојата безбедност и безбедноста на другите во сообраќајот“ – фокус врз принципот: Зголемување, поттикнување на учеството во сите фази од активноста

**Активноста е изведена како интегрирана активност, при што вештините за медиумска писменост, како пребарување по клучни зборови и создавање текст, се контекстуализирани во предметите Општество и Ликовно образование. Конкретната активност е дел од темата „Се грижам за себе и за моето опкружување“ од предметот Општество за трето одделение, но и дел од резултатите за медиумска писменост по предметот Мајчин јазик – пребарување и наоѓање потребни информации на интернет преку користење клучни зборови, и во исто време ги развива вештините за обликување, моделирање тродимензионални форми.**

#### *Воведна активност – активирање на предзнаењата*

Преку презентирање на слика, учениците ги откриваат поимите што ќе се работат (превозни средства). Како што ги откриваат поимите, наставникот ги запишува на табла.

#### *Главни активности – искуствено учење*

Со учениците се дискутира во насока на запишаните превозни средства, нивно групирање според тоа каде се движат (воздух, вода, земја). На кој вид сообраќај припаѓаат? (воден, воздушен и сувоземен)

Се поведува разговор: Како сме дошле до оваа слика? Од каде е најдена? (интернет, библиотека итн.) Што ни било потребно за да имаме пристап до сликата? (пристап до интернет, до библиотека и сл.) На кој начин сме пребарувале? Кои клучни зборови, реченици или куси текстови се употребени при пребарувањето?

Учениците се делат во групи по тројца, со зададена активност да пребаруваат на интернет според споменатите клучни зборови за видовите на сообраќај и превозните средства.

Добиените информации на ниво на група ги запишуваат како одговори од дадените водечки насоки и поставени прашања:

- Кои видови сообраќај постојат?
- Именувајте ги и групирајте ги превозните средства за секој вид сообраќај.

Потоа, секоја група влече ливче за кој вид на сообраќај ќе изработува превозно средство. Во групата заеднички пребаруваат на интернет и се договараат како ќе го изработуваат превозното средство, кои материјали ќе ги искористат итн. Исто така, избираат ученик кој ќе ги потсетува да не пребаруваат нешто што не е тема на зададената задача.

***Завршна активност – извлекување заклучок***

Преку играње на играта „Од звук  до точен одговор“, ги погодуваат превозните средства и видот на сообраќај на кој му припаѓаат. Учениците од секоја група пребаруваат на интернет звук на превозно средство што ќе го погодуваат другите групи. Клучен збор во реченицата ќе биде името на превозното средство,  Пр. „Звук на брод, звук на авион, звук на мотор, звук на пожарникарско возило...“

***Рефлексија***

- Што правевме денес?
- Што ново научивте?
- Кажи три клучни зборови од наученото денес? (Учениците да не ги повторуваат претходно кажаните зборови од соучениците)
- Која активност најмногу ви се допадна? Зошто?
- Зошто е потребно да го знаеме ова денес што го научивме? Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

## РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА ОД АСПЕКТ НА ПРИНЦИПОТ

***Што значи овој принцип?***

Овој принцип на работа или активност во основа значи да се поттикне и да се зголеми учеството и ангажманот на сите учениците во секоја фаза на процесот. Основната идеја е дека сите ученици, независно од нивната улога во тимот, треба да бидат вклучени и да имаат можност да дадат свој придонес и да се изразат во различни аспекти на работата на активноста. Значи, да се создадат услови и можност за учениците да бидат активни, да се вклучат и да имаат влијание во различните аспекти на нивното образование.

Овој принцип е важен бидејќи:

1. Вклучува активно учење;
2. Вклучува во планирање и изведба;
3. Стимулира креативност и иновации;
4. Обезбедува поддршка при реализација на активностите;
5. Нуди различни видови активности и методи за учење, што им овозможува на учениците да ги изразат своите интереси и да ги развиваат различните вештини за зголемување на свеста за медиумската писменост.

***Како може овој принцип да помогне во изведување на конкретната активност?***

Принципот на зголемување на учеството во сите фази при реализација на активностите им дава на учениците влијание и одговорност во нивното учење, што ги мотивира да бидат активни и ангажирани учесници во своето образование.

Имплементацијата на овој принцип е од суштинско значење за успешно и задоволително учење бидејќи вклучува инклузивност, ангажман на сите, развој на вештини, индивидуален напредок, креативност и иновативност и сл.

Поконкретно, примената на овој принцип може да поттикне:

1. Подобрување на ученичкото ангажирање;
2. Мотивација (кај наставникот и кај учениците);
3. Соработка со други институции (на пример, во конкретниот случај, со Институтот за комуникациски студии, соработка со другото училиште)
4. Мултикултурализам и интеркултурализам;
5. Развивање критичко мислење, проблемски вештини, комуникациски вештини и тимска работа;
6. Препознавање на индивидуалните потреби и интереси на учениците;
7. Создавање почит и поддршка помеѓу наставникот и учениците.

***На кој начин вклучувањето на учениците во сите фази помага активноста да биде поинклузивна?***

Активноста групирање на превозните средства според видот на сообраќајот (копнен, воздушен и воден) со пребарување на интернет (линкови, клучни зборови) овозможува да се адаптираат активностите за да одговараат на различните потреби и способности на учениците, кое вклучува да се пристапи до различни начини за учење, да се обезбедат дополнителни ресурси или поддршка, и да се создадат услови каде што сите ученици може да имаат успешно и задоволително учество, без разлика на нивните способности. Исто така, придонесува за интегрирање на активностите со другите предмети (во конкретната активност се интегрирани предметите Општество и Ликовно образование). Може да помогне и во креирањето средина каде што сите ученици ќе се чувствуваат добредојдено и вклучено и каде што сите ученици се чувствуваат сигурни да ги изразат своите идеи и мислења.

***Како помага во тоа секој ученик да ја разбере активноста и да се вклучи?***

Со чист и јасен комуникациски пристап, користејќи јасен јазик, како и користејќи различни методи и средства за комуникација за објаснување на активноста (принцип на медиумско образование на партиципативен и контекстуализиран начин). Со определувањето клучни зборови во речениците и во куси текстови им се овозможува на сите ученици да се вклучат и да дадат свој придонес, преку различни начини на учество. На учениците кои имаат потреба им се нуди дополнителна поддршка или адаптирани ресурси за да ја разберат и да се вклучат во активноста. Важно е да има јасни инструкции и критериуми за успех, за тоа да им помогне на учениците да се ориентираат и да разберат што се очекува од нив. На овој начин се создава образовна средина која е инклузивна и прифатлива кон различните потреби и способности за разбирање на учениците. Тоа може да се овозможи така што сите ученици да се чувствуваат удобно и да се вклучени во реализацијата на активностите, како и слободно да го изразат својот став или мислење.

***Што може да биде предизвик при примената на овој принцип, во планирањето или при изведувањето на конкретната активност?***

Примената на принципот бара голема посветеност и време за планирање на активностите, како и нивно интегрирање со другите предмети за да може да дојде до израз инклузивната медиумска писменост. Предизвиците за примена на овој принцип при реализација на активностите може да бидат недостигот од технички средства, од типот на недоволна опременост на училницата со компјутери.

При реализација на оваа активност со примена на принципот во фокус (како и другите принципи што ги опфаќаат овие интегрирани активности), може да се искористат сите можни ресурси што ги поседувате: манипулативни средства, проектор, компјутер, лаптоп, хамер, хартија во боја, маркери, боички, стиропор, пластични чинии, цевки за сок, картон и сл.

***Како и кога да се примени овој принцип?***

Примената на принципот е од корист за сите учесници во активностите и може да придонесе кон подобро разбирање, ангажирање и усвојување на знаењата и вештините што се обработуваат. Примената на овој принцип обезбедува атмосфера во која сите учесници се чувствуваат вклучено и важно. Принципот овозможува подигнување на свеста кај учениците за правилно користење на интернетот, за анализа на информациите, како и за уривање на стереотипи и предрасуди.

Примената на принципот бара и вклучување на учениците во процесот на оценување (вреднување). Исто така, потребно е внимателно следење на индивидуалните потреби на учениците и обезбедување дополнителна поддршка каде што е потребно. Принципот (како и сите други наведени принципи) бараат изградба на културата на учење што ги цени различностите и ги почитува различните перспективи и искуства на учениците. Поттикнување на учениците да ги делат своите идеи и да бараат нови начини за решавање проблеми.








## Активност 2 – слободна ученичка активност со фокус врз креативноста и разбирање на упатствата

### НАСТАВЕН ПРИНЦИП ВО ФОКУС

За време на реализација на активностите за инклузивна медиумска писменост беа застапени повеќето од наведените принципи, но бидејќи активноста се реализира како слободна ученичка активност, појдовни принципи се:

- *Бидете подготвени да се прилагодите според ситуацијата и*
- *водете сметка активноста да е пристапна за сите*

> „Игра со оригами“ – фокус врз принципите: Подготвеност за приспособување кон ситуацијата и Водење сметка активноста да е пристапна за сите

*Важно е да се земе предвид дека секој ученик има различни потреби и различен стил на учење. Примената на принципите на приспособливост и пристапност на активноста треба да ги обезбеди условите за секој ученик да го развие својот потенцијал на најдобар начин, односно да ги обезбеди условите за вклучување и за успешно учење на сите ученици. Примената на принципите обезбедува услови за поврзување на учењето со реални ситуации, односно примена на знаењето во секојдневниот живот.*

**Активноста е изведена како слободна ученичка активност, при што вештините за медиумска писменост, како пребарување и наоѓање потребни информации на интернет преку користење клучни зборови, се контекстуализирани во изработка на сопствени упатства за правење оригами и изработка на оригами.**

***„Игра со оригами“***

Учениците истражуваат/пребаруваат на интернет различни извори на упатства за изработка на оригами, вклучително и видеа, текстуални упатства, и слики. Учениците работат поделени во групи, креирајќи свои верзии на оригами упатства со користење

различни медиуми (на пример, видеоупатства со титлови и звучни описи, слики со текстуални описи под секоја слика). Ги разменуваат своите креации и даваат повратни информации едни на други.

На почетокот се избираат неколку различни модели на оригами, од едноставни до комплексни, за да се приспособат кон различните вештини и интереси на учениците. Тоа овозможува секој ученик да најде нешто што е прифатливо и интересно  за него.

Потоа се избираат јасни упатства и демонстрации за секој чекор од процесот на правење оригами, со користење визуелни и вербални методи за да се обезбеди дека информациите се достапни за сите ученици, кои имаат различни начини на учење (визуелен, аудитивен, вербален). Се нуди индивидуална поддршка каде што е потребно, со приспособување на упатствата и со помагање директно на учениците кои се соочуваат со тешкотии во разбирањето. Се поттикнуваат учениците да размислуваат критички за изворите на информации за оригами, како што се онлајн туторијали[2] или печатени упатства, дискутирајќи за нивната веродостојност и како да ги препознаат квалитетните информации. Се охрабруваат да ги користат своите нови вештини за да создадат оригинални дела, промовирајќи притоа размислување за тоа како медиумите можат да се користат за лично изразување (тука личното изразување се однесува на способноста и слободата на поединците да ги искажат своите мисли, чувства, идеи и идентитети на свој начин).

На крајот од активноста, се води рефлексивна дискусија со учениците за тоа што научиле, не само за техниките на правење оригами, туку и за процесот на учење и како успешно да се дојде до изворот на информации од медиумите.

## РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА ОД АСПЕКТ НА ПРИНЦИПИТЕ

***Што значат овие принципи?***

Принципот на приспособување според ситуацијата, во контекстот на образованието и медиумската писменост, значи да се биде отворен и способен за промена на пристапот во учењето и подучувањето со цел да се задоволат различните потреби на учениците. Примената на принципот подразбира: флексибилност во учењето и наставата (ова може да вклучува користење различни образовни алатки, медиуми и иновативни техники на подучување), принципот поддржува креирање инклузивна образовна средина каде што секој ученик може да учествува и да напредува, креативно да размислува и да доаѓа до иновативни решенија за да се надминат образовните предизвици, да развива поефективни стратегии за учење, овозможува подготвеност и способност за да се одговори на непредвидливите предизвици и влева доверба дека секој ученик има можност да успее.

Свесноста за различноста меѓу учениците во поглед на нивните образовни, културни потреби и начин на учење може да биде клучен мотив за да се изберат приспособливоста и пристапноста како централни принципи. Овие принципи ја подигаат свеста за потребата да се остане актуелен и да се одговори на новите образовни предизвици и можности што ги носи технологијата. Исто така, вештините како критичко мислење, креативност, соработка и комуникација, се сè поважни во примената на новата образовна концепција. Приспособливоста може да биде од круцијална важност за да се поттикне развојот на овие вештини, кои се основа за успешно справување со предизвиците на 21 век.

2. https://play.google.com/store/apps/details?id=com.mrstudios.origamitutorial&hl=mk&gl=US

***Како може да помогнат во конкретната активност?***

Примената на принципите е многу соодветна за реализација на слободната ученичка активност за изработка на оригами, зашто атмосферата на „поопуштени“ активности овозможува да создадеме подобро приспособено и инклузивно учење за сите ученици, истовремено поттикнувајќи ја нивната креативност, соработка и критичко размислување.

***На кој начин принципот на флексибилност и принципот на пристапност помагаат во тоа активноста да биде поинклузивна?***

Примената на овие принципи овозможува:

» вклучување различни образовни материјали и методи на настава, за да се приспособат така што секој ученик да може да научи на начин што најдобро му одговара.

» приспособување на упатствата во различни форми: текст, слики и видеоматеријали, усни јасни инструкции

» индивидуална поддршка која вклучува дополнително објаснување, демонстрации или помош при изработка на оригами.

Принципот на создавање услови активноста да е пристапна за сите овозможува користење специјализирани материјали или технологии што им помагаат на **учениците со посебни образовни потреби** да учествуваат целосно и ефективно во планирањето и изведбата на активностите. На пример:

» адаптирани упатства или дополнителни појаснувања преку аудиоупатства или аудиовизуелни материјали, ако ученикот има визуелни проблеми;

» апликации за виртуелно изработување на оригами или апликации за контрола со глас можат да им овозможат на учениците со ограничена моторика да учествуваат во активностите на начин што е прифатлив за нив.

Во суштина, принципот помага да се создаде образовно искуство кое е отворено и достапно за сите ученици, независно од нивните способности, потреби или начини на учење. Тоа е основа за вистински инклузивен пристап во образованието.

***Што може да биде предизвик при примената на овие принципи, во планирањето или при изведувањето на конкретната активност?***

*Менаџирање на времето и ресурсите:* Изведбата на активностите во склоп на слободните ученички активности бара дополнително време и ресурси за подготовка и изведба.

***Како и кога да се примени принципот на приспособување?***

Примената на овој принцип може да биде корисна за часовите кои вклучуваат интеграција на различни предмети. На пример, активностите како што е изработка на оригами можат да се интегрираат во часови како Математика (преку геометријата), Општество (изработка на географски симболи) или Мајчин јазик (преку различни културни аспекти и изрази).

 

## Активност 3 – инспирирање за творење во стих  преку пребарување со клучен збор на интернет

### НАСТАВНИ ПРИНЦИПИ ВО ФОКУС

И во оваа активност се застапени повеќето од принципите за инклузивно медиумско образование, но за реализирање на конкретните планирани активности во фокус се два принципи:

» *Рефлексија за сопствените активности, ставови, компетенции и развојни потреби и*

» *Соработка секогаш и секаде  каде што е можно*

„Мојата песничка – моја слика за шарен свет“ – фокус врз принципите: *Рефлексија за сопствените активности, ставови, компетенции и развојни потреби и Соработка секогаш и секаде каде што е можно*

(Во конкретната активност соработката беше остварена со МОН, со раководството на училиштето и со родителите.)

*Примената на овие принципи бара посветеност од аспект на планирањето на соодветни активности и претставува предизвик со кого би можеле да соработуваме при нивното имплементирање. Може да се размислува и во контекст на вклучување на учениците во процесот на самото планирање на активностите. Примената на овие пристапи и принципи може да им помогне на наставниците да го интегрираат принципот при размислување за сопствените активности, ставови, компетенции и развојни потреби во својата образовна практика и да го направат учењето поинклузивно за сите ученици.*

Овој принцип може да има длабоко влијание врз начинот на којшто наставниците го подготвуваат и го спроведуваат наставниот процес, како и во нивниот професионален развој.

Активноста интегрира резултати од две подрачја од предметот Мајчин јазик (Македонски јазик и Турски јазик, во конкретниот случај): Литература, изразување и творење и Медиумска писменост и медиумска култура, применувајќи пристап на инклузивно образование преку принципите за соработка и за рефлексија на компетенциите и развојните потреби. Имено, низ процес на рефлексија за сопствената работа во контекст на остварување на целите на медиумската писменост, но и на мајчиниот јазик, и имајќи ја предвид актуелната можност

за пријавување на конкурс за избор на најдобра песна, што го објави Министерството за образование во соработка со поетскиот фестивал „Струшки вечери на поезијата“, како и можностите за соработка со Министерството, беше испланирана и реализирана оваа активност. (Тројца ученици од ООУ Јашар Беј беа наградени на конкурсот – види прилог 6.)

***Воведна активност – активирање на предзнаењата***

Преку техниката **Мисловна мапа или грозд**, учениците се поттикнуваат да напишат колку што е можно повеќе идеи поврзани со клучните зборови „песна“, „слика“ и „шарен свет“, при што се поттикнува интеракција, поврзаност со дадени клучни зборови. Целта на оваа воведна активност е да се стимулираат учениците за главната активност, да ги организираат идеите и да бидат подготвени за креативно пишување.

***Главни активности – искуствено учење***

Учениците пребаруваат на интернет со клучен збор „детски шарен свет“. Од сликите што ќе им излезат се инспирираат усно да прераскажат како го замислуваат.

Читање песни од учебник, од списание (на пример, „Клик“), на различни теми, како поттик за составување своја песна на дадената тема.

Учениците составуваат реченици, стихови, рими, со зборовите од мрежите (од мисловната мапа) и потоа ги читаат пред другарчињата (кој сака). Некои од нивните стихови или реченици се запишуваат на табла.

Учениците самостојно составуваат песна со наслов:

„Мојата песничка – моја слика за шарен свет“.

На учениците може да им се понуди и дополнителен извор, на пример, интернет-страницата rimuvaj.mk.

***Завршна активност – извлекување заклучок***

Читање на творбите, дискусија, коригирање каде што е потребно. Даваат идеи за нивно објавување во различен медиум или за учество на конкурс.

***Рефлексија***

• Што правевме денес? • Што ново научивте? • Која активност најмногу ви се допадна? Зошто? • Зошто е потребно да го знаеме ова што го научивме денес? • Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

## РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА ОД АСПЕКТ НА ПРИНЦИПИТЕ

***Што значи принципот на рефлексија комбиниран со принципот на соработка?***

Принципот на рефлексија претставува предизвик за тоа како на најдобар начин можеме да ги искористиме потенцијалот, вештините и интересите на учениците за да се подобри образовниот процес  во соработка со други институции или индивидуи.

Низ процесот на рефлексија може да се увиди кои вештини и компетенции наставникот успеал да ги развие и да предвиди понатамошни активности врз основа на рефлексија. Принципот на соработка (во конкретниот случај со Министерството) може да ги охрабри учениците да ги искористат своите креативни способности и да бидат активни учесници во своето учење. Можноста што ја даваат соработката и учеството на надворешен конкурс ги поттикнува учениците да размислуваат надвор од рамките на образовните материјали и да ги развиваат своите вештини на самостојно учење. Воедно, соработката им овозможува да се чувствуваат прифатено во општеството и одговорни за своето учење и развој кое влева и голема самодоверба.

***Како може двата принципи да помогнат во изведување на конкретната активност?***

Принципите ги охрабруваат учениците да го водат своето учење на сопствен начин, односно темата на песната (дадена од МОН и Струшки вечери на поезијата по повод 21 Март, Светски ден на поезијата) им овозможува да одлучат како да ја претставаат нивната слика за шарениот свет. Принципот дава придонес за развивање различни компетенции, како што се пишувањето, креативното мислење, комуникациските вештини и вештините за јавен настап.

***Како помага во тоа секој ученик да ја разбере активноста и да се вклучи?***

Принципот на рефлексија му овозможува на наставникот да има индивидуален пристап кон секој ученик, што им помага на учениците да ја разберат активноста. Конкретно, наставникот може да ги разбере индивидуалните потреби, интереси и компетенции на секој ученик и да ги инкорпорира во објаснувањето на активноста, што ќе им помогне на учениците да се почувствуваат поврзано со активноста и да се вклучат.

Воедно, принципот овозможува наставникот да размисли и за различните образовни методи и стратегии што ги користи и преку тоа, во конкретната активност да ги употреби најсоодветните методи и стратегии за објаснување на активноста, што ги поддржува различните начини на учење на учениците. На пример, наставникот може да користи визуелни помагала, дискусии, демонстрации или други активности за да ги илустрира и да ги објасни целите и очекувањата за активноста на начин што ќе ги разберат сите ученици.

Принципот на соработка, пак, им овозможува и ги поддржува учениците да бидат активни учесници во своето учење и да се вклучат во активноста. Наставникот може да ги мотивира учениците да ги споделат своите мислења, идеи и сфаќања за активноста и да ги поддржи да ги изразат на начин што ќе ги вовлече и ќе го оствари нивното активно учество.

***Што може да биде предизвик при примената на овие принципи, во планирањето или изведувањето на конкретната активност?***

Треба да се има предвид дека предизвиците што можат да се сретнат се нормален дел од образовниот процес. Важно е да се биде флексибилен, да се комуницира со учениците и да се користат ресурси и поддршка што ни се достапни за да ги обезбедиме условите за успешното изведување на активноста и задоволството на сите ученици.

## Активност 4 – креативна творечка активност со фокус врз партиципацијата и контекстуализацијата

### НАСТАВНИ ПРИНЦИПИ ВО ФОКУС

- *Реализирање на медиумското образование на партиципативен и контекстуализиран начин и*
- *Планирање на активностите во рамките на важечките и задолжителни насоки*

„Запознај ја нашата татковина за да засакаш повеќе“ – фокус врз принципите: Медиумско образование на партиципативен и контекстуализиран начин и Планирање на активностите во рамките на задолжителните насоки

*Партиципативниот пристап ги охрабрува учениците да бидат активни учесници во своето учење како и да ги разберат и да ги анализираат современите медиумски содржини и трендови.*

*Контекстуализираното планирање на активности ги вклучува аспектите од околината и контекстот во којшто се изведува учењето, што значи да ги разберат медиумските содржини во својот сопствен контекст, што го зголемува значењето и релевантноста на учењето за нив.*

*Овие два принципи ги поттикнуваат учениците да развиваат критичко мислење, што е од круцијално значење за разбирањето на медиумската култура и за нивното учество во неа.*

**Активност со која ќе треба да осмислат како да ја промовираат својата земја под мотото: „Запознај ја нашата татковина да ја засакаш повеќе.“ Во паралелката од трето одделение во ООУ „Јашар Беј Шкупи“, поради малиот број деца, учениците изготвуваат книга за убавините на нашата татковина, додека во паралелката од трето одделение во ООУ во „Љубен Лапе“ учениците, поделени во повеќе групи, изготвуваат книга, постер, леток и разгледница.**

***Воведна активност – активирање на предзнаењата***

Преку техниката „Бура на идеи“, набројуваат апликации што им се познати и ги користат за различни намени. (Јутуб, Тикток, Инстаграм...)

***Главни активности – искуствено учење***

Поведуваме дискусија за тоа за што ги користат апликациите и дали некогаш биле активни учесници за нешто? За што? Колку се информирани возрасните за тоа? ...Активност со која ќе треба да осмислат како да ја промовираат својата земја под мотото: „Запознај ја нашата татковина за да ја засакаш повеќе.“

Делење во групи:

- Група 1 изработува постер
- Група 2 изработува леток
- Група 3 изработува разгледница
- Група 4 изработува книга

Користат мобилни телефони и пребаруваат содржини по клучни зборови кои ги наоѓаат од книгата по Општество. Еден од групата е одговорен да се задржуваат само на пребарувања за дадената тема.

Доколку имаат потреба, може да отпечатат слика, текст, одредени форми, во контекст на изработките што ги прават.

Откако ќе ја сработат активноста, се дискутира како нивните изработки да бидат достапни за сите да ги разберат нивните пораки (на пример, глувонемите или слепите лица).

Нивните идеи ги запишуваме за да ги реализираме на некој од наредните часови. (На пр. Ќе повикаме гостин кој ќе го знае знаковниот јазик...)

***Завршна активност – извлекување заклучок***

Презентирање на постерот, летокот, разгледницата, книгата. Разговор во насока на која апликација ќе ја промовираат нашата земја со тоа што го изработиле, на каков начин. Рефлексија

- Што правевме денес?
- Што научивте ново?
- Која активност најмногу ви се допадна? Зошто?
- Зошто е потребно да го знаеме ова денес што го научивме? Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

## РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА ОД АСПЕКТ НА ПРИНЦИПИТЕ

***Што значи принципот на партиципативност и контекстуализација комбиниран со планирањето во согласност со задолжителната рамка?***

Првиот принцип значи да се вклучат учениците во процесот на учење на начин што ги охрабрува да бидат активни учесници во своето образование. Во контекстот на медиумското образование, ова може да вклучува методи како што се групни дискусии, работа во тимови, создавање медиумски проекти и учество во симулации (во финалниот продукт, праќање порака со знаковен јазик „Ја сакам мојата татковина“). Овој пристап им овозможува на учениците да го истражуваат и да го изразуваат своето мислење и разбирање за медиумските содржини.

Принципот *„Планирање на активноста во рамки на важечките и задолжителни насоки“* вклучува анализа на различни медиумски текстови, содржини и култури и разбирање на нивното влијание и значење во конкретниот контекст. Планирањето на активности соодветно на контекстот им помага на учениците да ги разберат медиумските содржини подетално и да ги анализираат во својот сопствен контекст.

***Како може двата принципи да помогнат во изведување на конкретната активност?***

Активностите во кои се применија принципите „Реализирање на медиумско образование на партиципативен и контекстуализиран начин“ и „Планирање на активноста во рамки на важечките и задолжителни насоки“ се серија активности кои, и покрај тоа што

се интегрирани со неколку предмети и активности што продолжуваат да се реализираат како слободни активности во периодот на задолжителниот престој во училиште, сепак не можат да завршат во еден работен училиштен ден. Првичната активност може да биде анализа на географската карта на РСМ и преку дискусија (бура на идеи) учениците споделуваат кои бои доминираат на картата на РСМ. Потоа се дискутира зошто доминираат овие бои, што означуваат тие. Потоа следува серијал активности: поделени во групи, учениците истражуваат за природните езера на РСМ, потоа за најголемите планини на РСМ и за најголемите реки во РСМ. Од нивните пребарувања на интернет се селектираат информациите и се прават книга, постер, леток (брошура) и разгледница. Исто така, секоја група подготвува презентација со сите собрани информации од пребарувањето низ интернет. Наставникот, во текот на сите активности, следи и ги насочува учениците кон соодветни линкови за да не се употреби терминологија што не е соодветна и не е разбирлива за возраста на децата (од типот на академски трудови и истражувања, бидејќи има стручна терминологија што не е разбирлива за деца на таа возраст).

При промовирање на финалниот продукт, се применува принципот „Соработка секогаш и секаде каде е можно“; на пример, ако се организира промоција на изработките (книга, постер, леток, разгледница) на која присуствуваат родители, наставници и раководството на училиштето. На крајот од настанот учениците со знаковен јазик може да испратат порака „Ја сакам мојата татковина“.

***Како принципот на партиципативност и контекстуализација помага во тоа секој ученик да ја разбере активноста и да се вклучи?***

Принципот овозможува учениците да се вклучат активно во учењето и да ја истражат својата околина преку различни медиумски аспекти. Учениците се активно вклучени во процесот на учење преку различни активности, како што се дискусии, истражување на интернет, креирање учебници, постери и презентации. Активностите се планирани во контекст на географските и природните карактеристики на Република Северна Македонија, што им помогна на учениците да ги разберат природните аспекти на нивната татковина преку медиумскиот контекст.

Самата активност е организирана на тој начин што овозможува да се користат различни медиумски аспекти и методи за учење, што може да одговара на различните потреби и начини на учење на учениците. Исто така, се дава можност секое дете да ги изрази своите мислења и идеи. Меѓу другото, овие активности се поинклузивни со тоа што се поттикнува соработка и меѓусебна поддршка, како и учење на знаковниот јазик за праќање порака во финалната активност.

Користење јасни инструкции со примена на различни методи на учење: визуелни, аудио, аудиовизуелни, пишани и сл., како и организирање на активностите на начин што е поинтересен и забавен за СЕКОЈ ученик (затоа е важно да се земе предвид интересот на учениците при креирањето активности).

***Што може да биде предизвик при примената на овие принципи, во планирањето или изведувањето на конкретната активност?***

Недостиг од технички помагала. Исто така, планирањето на активностите соодветни на наведените принципи бара голема посветеност бидејќи треба да се обезбеди усогласување меѓу различни ученици, да се идентификуваат најважните аспекти на медиумското образование и да се креира ефективен план за вклучување на сите ученици.

***Препораки***

Добро е наставниците да идентификуваат релевантни теми и содржини, бидејќи изборот на теми кои се релевантни за учениците е од суштинско значење. Односно, да се одберат теми и активности кои ги интегрираат медиумските аспекти во содржината на учењето и ги охрабруваат учениците да се вклучат.

Активностите треба да се планираат многу внимателно, бидејќи треба да се осигури доволно време за секоја активност, како и извори и материјали што се потребни за успешното изведување на активноста. Секоја фаза на активноста треба да се планира така што ќе обезбеди активно учество на сите ученици.

Воедно, споделувањето ресурси и искуства со другите колеги може да биде многу корисно за да се добие инспирација и идеи за примена на принципите во своите активности.

## Активност 5 – интегрирана активност за медиумска писменост и еднаквост

### НАСТАВЕН ПРИНЦИП ШТО Е АДАПТИРАН

За време на реализацијата на интегрирани активности за инклузивна медиумска писменост, беа застапени повеќето од наведените принципи, но најдоминантен беше принципот:

- *Користење содржини и материјали што поддржуваат еднаквост*

> „Упатуваме порака до целиот свет за Денот на жената“ – фокус врз принципот: Користење содржини и материјали што поддржуваат еднаквост

*Овој принцип придонесува во изборот на извори, материјали и содржини што ги користиме во нашата образовна практика или во процесот на учење. Овој принцип значи да се биде проактивен во изборот на учебни материјали, литература, медиумски содржини и други извори што ги користиме во училишната средина или во нашата образовна практика.*

*Принципот помага во креирањето стимулативна, инклузивна и прифатлива училишна средина каде што сите ученици имаат еднакви можности за учење и развој.*

*Еднаквоста и правдата се важен аспект во педагошкиот пристап во наставата. Овој принцип дава можност за создавање училишна средина која ги задоволува потребите на сите ученици.*

*Порака за светскиот ден на правата на жената: „Упатуваме порака до цел свет“*

***Воведна активност – активирање на предзнаењата***

На пано за изразување на своето мислење се лепат самолепливи ливчиња за значењето на поимот „жена“, односно што прво ни паѓа на памет кога ќе го слушнеме поимот жена.

Откако ќе се прочитаат сите самолепливи ливчиња, се развива дискусија за значењето на 8 Март – Светскиот ден на жената.

***Главни активности – искуствено учење***

Децата поделени во групи истражуваат подетално за значењето на 8 Март за да можат да изберат порака која би сакале да ја испратат до сите жени во светот.

Се избираат пораките, се читаат на глас и се развива дискусија зошто е избрана токму таа порака.

Потоа се прави видео преку која се испраќа порака до жените од целиот свет.

По куса пауза и целосно прегледување на видеото, тоа може да се објави на фејсбук-профилот на училиштето (видеото од конкретната активност е објавено на Фејсбук за да дадеме поддршка на сите жени во светот.)

Пораките во конкретната активност беа од типот:

- Секаде исти права за жената;
- Правата на жената се и човекови права;
- Правото на жената значи зајакнување на општеството;
- Жената не треба да се споменува со својата убавина и интелигенција, туку со своите права и слобода;
- Ја поздравуваме борбата на жената за нејзините права;
- Денот на жената значи љубов, поддршка, еднаквост;
- На овој значаен ден да дадеме придонес во поддршката на правата на жената;
- Светот го слави денот на правата на жената; со поддршка на правата на жената светот станува поправеден и сл.

Откако ќе се сними видеото, тоа се презентира пред децата.

Во продолжение, во рамките на предметот Општество, може да се истражува и да се дискутира за позицијата на жената во Р С. Македонија. Децата пребаруваат на интернет жени претприемачи, застапеноста на жената во Собранието на РСМ, жени на врвни позиции во нашата земја за да се види дали има родова рамноправност во нашата земја во контекст на пазарот на трудот и дали трудот е еднакво вреднуван.

Во продолжение, во рамките на предметот Ликовно образование, повторно со техниката бура на идеи може да се генерираат предлози за изготвување на постер значаен за овој ден. Постерот се изготвува од сите насобрани информации и пораки за значењето на Светскиот ден на жената.

***Завршна активност – извлекување заклучок***

Презентирање постер и мал коктел (закуска)

***Рефлексија***

- Што правевме денес?
- Што научивте ново?
- Која активност најмногу ви се допадна? Зошто?
- Зошто е потребно да го знаеме ова денес што го научивме? Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

*Забелешка: Часот по Мајчин јазик е интегриран со активностите по предметот Општество и Ликовно образование.*

## РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА ОД АСПЕКТ НА ПРИНЦИПИТЕ

***Како може користењето содржини што поддржуваат еднаквост (принципот) да помогне во конкретната активност?***

Преку изборот на материјали и извори што ги промовираат правата на жената и што прикажуваат разновидни перспективи на жените и нивните достигнувања, учениците разбраа дека треба да ја ценат улогата и придонесот на жените во различни области на општеството. Преку дискусии и активности базирани врз избраните материјали, учениците имаа можност да развиваат критичко мислење во однос на прашањата за родовата еднаквост и правата на жената. Користењето инклузивни материјали овозможи простор за сите ученици да учествуваат во активностите и дискусиите.

Преку овие активности, учениците стекнаа знаење и свест за историјата на борбата за правата на жената и за современите предизвици со кои се соочува таа.

***Како принципот помага во тоа секој ученик да ја разбере активноста и да се вклучи?***

Примената на овој принцип вклучува користење разновидни стратегии што овозможуваат активно учество на сите ученици. Овој принцип им помага на учениците да развијат критичка свест за структурните неправди и да ги разберат корените на нееднаквоста. Воедно, овој принцип овозможи секој ученик да се чувствува безбедно и слободно да го изрази своето мислење и чувство.

Користењето материјали кои беа дизајнирани да бидат пристапни и разбирливи за учениците обезбеди секој ученик да може да ја следи содржината и инструкциите.

***Што може да биде предизвик при примената на овој принцип, во планирањето или изведувањето на конкретната активност?***

Примената на принципот бара голема посветеност и време за планирање на активностите, како и нивно интегрирање со другите предмети за да може да дојде до израз инклузивната медиумска писменост. Дополнителен предизвик е недостигот од технички средства (компјутери, интернет итн.)

***Препораки***

Препорачливо е да се вклучи принципот уште на самиот почеток при планирање на наставните активности.

Добро е да се изберат извори што прикажуваат различни погледи и култури и што промовираат разбирање и прифаќање на разликите.

Размислете за начини да ги ангажирате сите ученици преку групни работи, дискусии, проекти, истражувања, видеоактивности, изработка на постер и слични начини кои овозможуваат размена на мислења.

Споделете ги вашите искуства и учења со колегите и разменете идеи за тоа како најдобро да се примени овој принцип во различни контексти.

Редовната саморефлексија и евалуација на тоа како принципот се применува во нашата практика може да понуди увид во тоа што е добро и каде има простор за подобрување.

# 05 ЗАКЛУЧОК

Проектот Инклузивно и креативно медиумско образование (Inclusive and Creative Media Education – ICME) имаше за цел да изготви различни модели на иновативни активности за медиумска писменост, коишто може да се споделат меѓу партнерите и пошироко и успешно да се надградат или да се унапредат во различни контексти на медиумското образование премостувајќи културни, национални и јазични граници и креативни перспективи.

Наставните принципи за кои е подготвен овој водич претставуваат еден од трите предложени модели на инклузивно и креативно медиумско образование, подготвено од Националниот аудиовизуелен институт од Финска. Како што е истакнато и во нивниот прирачник, тие не претставуваат готови и единствени решенија за активности за инклузивно медиумско образование, туку повеќе се како потсетник за тоа на што треба да внимаваме при осмислување и реализација на активностите за медиумска писменост, ако сакаме да ги вклучиме сите ученици.

Во адаптацијата, односно во надградувањето на овие принципи и подготовката на овој водич, активно се вклучија наставнички од две основни училишта од Скопје – ООУ „Љубе Лапе" и ООУ „Јашар Беј Шкуп", покажувајќи како може принципите да се применат во активностите коишто секако се дел од наставните содржини и според наставниот план и програма.

Главниот увид и препорака од примената на принципите е дека може да се раководиме според нив за секоја активност. Притоа, размислувајќи за принципите, стануваме посвесни за сите чинители во медиумското образование – од сопствените предности и страни кои треба да ги зајакнеме, преку свесното препознавање на способностите, потребите и интересите на децата, до расположливоста на ресурсите, можностите за соработка и предностите на примената на принципите.

Како што истакнуваат двете наставнички, Вилдан Даутовска од ООУ „Јашар Беј Шкуп" и Викторија Пауновска од ООУ „Љубен Лапе", размислувајќи за примената на секој од принципите, свесната примена во активностите им овозможила да увидат дека примената на принципите „им дава на учениците влијание и одговорност во нивното учење, што ги мотивира да бидат активни и ангажирани учесници во своето образование." Понатаму, истакнуваат и дека креирале „јасни инструкции и критериуми за успех, што им помогна на учениците да се ориентираат и да разберат што се очекува од нив". Примената на принципот „подготвеност за приспособување според ситуацијата", на пример, подразбира „флексибилност во учењето и наставата (ова може да вклучува користење на различни образовни алатки, медиуми и иновативни техники на подучување), принципот поддржува креирање инклузивна образовна средина каде што секој ученик може да учествува и да напредува, креативно размислување и иновативни решенија за да се надминат образовните предизвици, развива поефективни стратегии за учење, овозмо-

жува подготвеност и способност за да се одговори на непредвидливите предизвици и влева доверба дека секој ученик има можност да успее.“

Активностите преку кои се адаптираа некои од принципите за инклузивно медиумско образование потврдија дека тие (принципите) овозможуваат јасно поврзување на образовните цели од повеќе наставни предмети, поттикнуваат соработка меѓу училишта, институции и организации, свесно користење на јасен јазик, поттикнуваат учество на учениците, и најважно, овозможуваат време за рефлексија за сопствената работа и ефектите од неа.

Како дел од процесот на адаптирање на принципите, во рамките на активноста 3 – инспирирање за творење во стих преку пребарување со клучен збор на интернет, учениците од ООУ „Јашар Беј Шкуп“ учествуваа со своите творби создадени во текот на активноста на конкурсот објавен од Министерството за образование и наука, во соработка со меѓународниот поетски фестивал „Струшки вечери на поезијата“.  Сите три места на конкурсот (повеќе може да прочитате во Прилог 6) ги освоија учениците од ова одделение. Нивната наставничка Вилдан Даутовска вели: *Инспирирани од темата „Мојата песничка – моја слика за шарен и весел свет“, децата пребаруваа фотографии низ интернет со кои ги презентираа нивните чувства за нивниот замислен весел и шарен свет, кои чувства потоа ги  преточија во нивните песни, што резултираше со освојување на прво, второ и трето место на конкурсот.* Еден од учениците кој го освои и првото место, Али Латиф, пак, вели: *Последниве месеци во школо реализираме многу интересни активности. Изработуваме книга за која ќе имаме промоција, учевме знаковен јазик, пишувавме поезија и многу други активности. Нашата наставничка ги испрати нашите песни на конкурсот во Министерство за образование. Јас освоив прво место, многу сум среќен, се чувствувам како шампион, а и добив многу квалитетни ‘филипс’ слушалки.*

Овој водич, како и примерите активности се слободни за употреба и се наменети да ги поттикнат сите наставници и од одделенска и од предметна настава  во основното образование, но и во средното образование, да размислат за сопствената работа и да ги испробаат и да видат како може да ја направат својата образовна работа поинклузивна, особено во активностите од медиумското образование.

# ПРИЛОЗИ

## Мојот дневник на инклузивна медиумска писменост

# ПРИЛОГ 1: „МОЈОТ ДНЕВНИК НА ИНКЛУЗИВНО МЕДИУМСКО ОБРАЗОВАНИЕ“

## НАСТАВНИ ПРИНЦИПИ ЗА ИНКЛУЗИВНА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

**Проверете кои се важечките задолжителни насоки и планирајте ги активностите соодветно**

**Размислете за сопствените активности, ставови, компетенции и развојни потреби**

**Прегледајте ги вашите ресурси и планирајте го вашето медиумско образование во рамки на нив**

**Соработувајте каде што е можно**

**Користете содржини и материјали што поддржуваат еднаквост**

**Спроведувајте медиумско образование на партиципативен и контекстуализиран начин**

**Зголемувајте/поттикнувајте го учеството во сите фази од работењето/активноста**

**Бидете подготвени да се приспособите според ситуацијата**

**Создадете побезбеден простор за учење и дејствување**

**Внимавајте на (грижете се за) пристапноста**

Добре дојде во својот дневник, во којшто те покануваме да ги запишуваш сите свои согледувања, сомневања, дилеми и успешни приказни!

Дневникот има цел:

да ти помогне во анализирањето, размислувањето што функционира, што не, како може да подобриш нешто и слично, додека ги адаптираш принципите во твојата наставна работа

да придонесе кон изготвувањето активности за инклузивно и креативно медиумско образование, помагајќи во дефинирањето на деловите и чекорите во примената на принципите

- **Замисли си дека си го изгубила овој дневник и млад/а колега/-шка кој/а штотуку започнал/а да работи како наставник/-чка го нашол/-ла.**
- **Што би сакала да им предочиш, на што да внимаваат кога планираат инклузивно образование за медиумска писменост? Како да го направат тоа успешно?**
- **Кои принципи се најважни и најмногу ќе им помогнат во тоа да им понудат на различните ученици правични можности за медиумска писменост, така што сите ќе се чувствуваат дека се вклучени и важни?**
- **Твоите размислувања, дилеми, мислења, примери може да им помогнат на оние што ќе го најдат дневникот!**

## ЗА СЕКОЈ ПРИМЕНЕТ ПРИНЦИП, ЗАПИШИ ГИ СВОИТЕ РАЗМИСЛУВАЊА СЛЕДЕЈЌИ ГИ ПРАШАЊАТА И УЖИВАЈ ВО ПРОЦЕСОТ!

Наставен принцип што го адаптирам: *(запиши кој принцип)*

Активност од областа на медиумска писменост во која го применив овој принцип: *(кус опис на активноста)*

Што значи за мене овој принцип? Зошто ми е важен овој принцип? Во што ми помага овој принцип? Зошто го избрав?

Како го применив принципот, што, всушност, правев?

Како ми помогна во конкретната активност? Како ми помага во тоа активноста да биде поинклузивна? Како ми помага во тоа секој ученик да ја разбере активноста и да се вклучи?

Што ми беше најтешко при примената на овој принцип, во планирањето или изведувањето на конкретната активност?

Кои ресурси ги искористив за да можам да го адаптирам овој принцип?

Од моето искуство во конкретната активност, што би им препорачала на колегите за тоа како и кога да го применат овој принцип?

Мои други размислувања:

# ПРИЛОГ 2: ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТ 2: „КАКО ДА ПРИДОНЕСАМ ЗА МОЈАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА ДРУГИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ“

| **Училиште**<br>ООУ „Јашар Беј“ Скопје<br>ООУ „Ѓубен Лапе“ Скопје | | **Одделение**<br>III (трето) | **Одделенски наставници**<br>Вилдан Даутовска<br>Викторија Пауноска | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и датум на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
| **Пребарување на интернет (линкови, клучни зборови, Google)**<br><br>**Како да придонесам за мојата безбедност и безбедноста на другите во сообраќајот (копнен, воздушен и воден сообраќај, превозно средство, автомобил, авион, воз, автобус, чамец, брод, правила на однесување во превозно средство)**<br><br>**Подлоги, средства, техники и материјали за сликање: (темперни бои, водени бои, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, колаж / миксмедија...)** | Определува клучни зборови во реченици и куси текстови.<br><br>Ги групира превозните средства според видот на сообраќајот (копнен, воздушен и воден).<br><br>Создава облици и градби од материјал што претходно бил употребен за други намени. | 23.02.2024 | ***Воведна активност – активирање на предзнаењата***<br><br>Прикажана е слика (Прилог 1) од која учениците ги откриваат поимите што ќе ги работиме (превозни средства). Како што ги откриваат поимите наставникот ги запишува на табла.<br><br>***Главни активности – искуствено учење***<br><br>Со учениците се дискутира во насока на запишаните превозни средства, нивно групирање според тоа каде се движат (воздух, вода, земја). На кој вид сообраќај припаѓаат? (воден, воздушен и сувоземен)<br><br>Се поведува разговор: Како сме дошле до оваа слика? Од каде е најдена? Што ни било потребно за да имаме пристап до сликата? На кој начин сме пребарувале? Кои клучни зборови, реченици или куси текстови се употребени при пребарувањето?<br><br>Учениците се делат во групи по тројца со зададена активност да пребаруваат на интернет (на Google) според споменатите клучни зборови за видовите сообраќај и превозните средства. Добиените информации на ниво на група ги запишуваат како одговори од дадените водечки насоки и поставени прашања:<br><br>Кои видови сообраќај постојат?<br><br>Именувај ги и групирај ги превозните средства за секој вид на сообраќај.<br><br>Секоја група влече ливче за кој вид сообраќај ќе изработува превозно средство.<br><br>Во групата заеднички пребаруваат на интернет и се договараат кое превозно средство ќе го изработуваат. Исто така, избираат ученик кој ќе ги потсетува да не пребаруваат нешто што не е тема на зададената задача.<br><br>Презентирање на изработените превозни средства на ниво на група.<br><br>***Завршна активност – извлекување заклучок***<br><br>Преку играње на играта „Од звук до точен одговор“ погодуваат превозни средства и видот на сообраќај на кој припаѓаат. Учениците треба од секоја група да пребаруваат звук на превозно средство што ќе го погодуваат другите групи. Клучен збор во реченицата ќе биде името на превозното средство, на пр. „Звук на брод, звук на авион, звук на мотор, звук на пожарникарско возило...“<br><br>***Рефлексија***<br><br>Што правевме денес? Што научивте ново? Кажи три клучни зборови од наученото денес? (да не се повторуваат претходно кажаните зборови од соучениците)<br><br>Која активност најмногу ви се допадна? Зошто?<br>Зошто е потребно да го знаеме ова денес што го научивме? Како можете наученото да го користите во секојдневниот живот? | Проектор<br><br>Пренесен компјутер<br><br>Слика со превозни средства<br><br>Мобилни телефони<br><br>Кутивчиња во различни форми<br><br>Колаж<br><br>Лепила<br><br>Прибор | Усно одговара на прашања со целосни реченици<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Учество во дискусија и изведување заклучоци |

**Слика 1**


SCHOOL
SAFARI
TAXI


СПЕЦИЈАЛНИ ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА
POLICE
TRIMAKS

# ПРИЛОГ 3: ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТ 3: „МОЈАТА ПЕСНИЧКА – МОЈА СЛИКА ЗА ШАРЕН СВЕТ“

| **Училиште**<br>ООУ „Јашар Беј“ Скопје<br>ООУ „Љубен Лапе“ Скопје | | **Одделение**<br>III (трето) | **Одделенски наставници**<br>Вилдан Даутовска<br>Викторија Пауноска | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и датум на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
| **Усно и писмено изразување и творење** | Твори во стих со или без рима на различни теми | 6.3.2024 | ***Воведна активност – активирање на предзнаењата***<br><br>Преку техниката Мисловна мапа поттикнуваме интеракции, поврзаности со дадени клучни зборови:<br><br>1) „ПЕСНА“<br>2) „СЛИКА“<br>3) „ШАРЕН СВЕТ“<br><br>***Главни активности – искуствено учење***<br><br>Учениците пребаруваат на интернет со клучен збор „детски шарен свет“. Од сликите што ќе им излезат се инспирираат усно да прераскажат како го замислуваат.<br><br>Читање песни во учебник, во списание „Клик“ од различни теми како поттик за составување своја песна на дадената тема..<br><br>Учениците составуваат реченици, стихови, рими, со зборовите од мрежите и потоа ги читаат пред другарчињата (кој сака). Некои од нивните стихови, реченици се запишуваат на табла.<br><br>Учениците самостојно составуваат песна со наслов:<br><br>„Мојата песничка – моја слика за шарен свет“.<br><br>На учениците им е понуден дополнителен ресурс, интернет-страница rimuvaj.mk<br><br>***Завршна активност – извлекување заклучок***<br><br>Читање на составените песни, дискусија, коригирање каде што е потребно. Даваат идеи за нивно објавување во различен медиум или за учество на конкурс.<br><br>***Рефлексија***<br><br>• Што правевме денес? • Што научивте ново? • Која активност најмногу ви се допадна? Зошто?<br>• Зошто е потребно да го знаеме ова денес што го научивме? Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Проектор<br><br>Преносен компјутер<br><br>Мобилни телефони<br><br>Бели листови<br><br>Прибор | Учество во дискусија и изведување заклучоци<br><br>Составување стихови, рими, песни |

# ПРИЛОГ 4: ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТ 4: „ЗАПОЗНАЈ ЈА НАШАТА ТАТКОВИНА ЗА ДА ЈА ЗАСАКАШ ПОВЕЌЕ“

<table>
<tr><td colspan="2">Училиште<br>ООУ „Јашар Беј“ Скопје<br>ООУ „Љубен Лапе“ Скопје</td><td>Одделение<br>III (трето)</td><td colspan="3">Одделенски наставници<br>Вилдан Даутовска<br>Викторија Пауноска</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими)</td><td>Стандарди за оценување</td><td>Часови и датум на реализација</td><td>Сценарио за часот</td><td>Средства</td><td>Следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Убавините на мојата земја (Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро, Кораб, Шар Планина, Баба, Вардар, национален парк, Маврово, Галичица, Пелистер, Шар Планина, туристичка дестинација, скијачки центар, Шапка, Маврово, Крушево, Охрид, Струга, Преспа, Дојран, водопад)</td><td>Ги наведува трите најголеми природни езера во РСМ според големината и ги ги покажува на географската карта на РСМ.<br><br>Ги наведува трите највисоки планини во РСМ според висината и ги покажува на географската карта на РСМ</td><td>15.3.2024</td><td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br><br>Преку техниката „Бура на идеи“ набројуваат апликации кои им се познати и ги користат за различни намени. (Јутјуб, Тикток, Инстаграм, ...)<br><br>Главни активности – искуствено учење<br><br>Поведуваме дискусија околу тоа за што ги користат апликациите и дали некогаш биле активни учесници за нешто. За што? Колку се информирани возрасните за тоа? ...<br><br>Активност со која ќе треба да осмислат како да ја промовираат својата земја под мотото: „Запознај ја нашата татковина за да ја засакаш повеќе.“<br><br>Делење во групи:<br><br>Група 1 изработува постер<br>Група 2 изработува леток<br>Група 3 изработува разгледница<br>Група 4 изработува книга<br><br>Користат мобилни телефони и пребаруваат содржини по клучни зборови кои ги наоѓаат од книгата по Општество. Еден од групата е одговорен да се задржуваат само на пребарувања за дадената тема.<br><br>Доколку имаат потреба, да отпечатат слика, текст, одредени форми во контекст на изработките што ги прават.<br><br>Откако ќе ја сработат активноста, се дискутира како нивните изработки да бидат достапни за сите да ги разберат нивните пораки (пр. За тие што се глувонеми или слепи).<br><br>Нивните идеи ги запишуваме за да ги реализираме на некој од наредните часови. (На пр. Ќе повикаме гостин кој ќе го знае знаковниот јазик...)<br><br>Завршна активност – извлекување заклучок<br><br>Презентирање на постер, леток, разгледница, книга. Разговор во насока на која апликација ќе ја промовираат нашата земја со тоа што го изработиле, на каков начин.<br><br>Рефлексија<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте ново?<br>• Која активност најмногу ви се допадна? Зошто?<br>• Зошто е потребно да го знаеме ова денес што го научивме? Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?</td><td>Проектор<br><br>Преносен компјутер<br><br>Печатач<br><br>Мобилни телефони<br><br>Бели листови<br><br>Прибор</td><td>Учество во дискусија<br><br>Усни одговори на прашања во дискусија, придонес во активностите, придонес во изведување на заклучоците</td></tr>
</table>

# ПРИЛОГ 5: ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТ 5: „8. МАРТ – СВЕТСКИ ДЕН НА ЖЕНАТА“

| **Училиште**<br>ООУ „Јашар Беј“ Скопје | | **Одделение**<br>III (трето) | **Одделенски наставници**<br>Вилдан Даутовска | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и датум на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
| **Усно и писмено изразување и творење** | Прераскажува литературен текст со свои зборови, по одреден план или по свој план. | 8.3.2024 | ***Воведна активност – активирање на предзнаењата***<br><br>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br>На пано за изразување на своето мислење се лепат самолепливи ливчиња за значењето на поимот „жена“ односно што прво ни паѓа на памет кога ќе го слушнеме поимот жена.<br>Откако ќе се прочитаат сите самолепливи ливчиња се развива дискусија за значењето на 8 Март, Светскиот ден на жената.<br><br>***Главни активности – искуствено учење***<br><br>Децата поделени во групи истражуваат подетално за значењето на 8 Март за да можат да изберат порака која би сакале да ја испратат до сите жени во светот.<br><br>Се селектираат пораките, се читаат на глас и се развива дискусија зошто е избрана токму таа порака.<br><br>Потоа се прави видео преку која испраќаме порака до жените од целиот свет.<br><br>После мала пауза и целосно прегледување на видеото, го објавуваме на нашиот ФБ-профил за да им дадеме поддршка на сите жени во светот.<br><br>Во продолжение истражуваме за позицијата на жената во Р С. Македонија. Пребаруваме на интернет жени претприемачи, застапеноста на жената во парламентот на РСМ, жени на врвни позиции во нашата земја за да видиме дали има родова рамноправност во нашата земја во поглед на пазарот на трудот и дали трудот е еднакво вреднуван.<br><br>Во продолжение со бура на идеи даваме предлози за изготвување на постер значаен за овој ден. Постерот се изготвува од сите насобрани информации и пораки за значењето на Светскиот ден на жената.<br><br>***Завршна активност – извлекување заклучок***<br><br>Презентирање на постер и мал коктел (закуска)<br><br>***Рефлексија***<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте ново?<br>• Која активност најмногу ви се допадна? Зошто?<br>• Зошто е потребно да го знаеме ова денес што го научивме? Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?<br><br>Забелешка: Часот по Мајчин јазик е интегриран со активностите по предметот Општество и Ликовно образование. | Проектор<br><br>Пренесен компјутер<br><br>Принтер<br><br>Мобилни телефони<br><br>Бели листови<br><br>Прибор | Учество во дискусија<br><br>Усни одговори на прашања во дискусија,<br><br>Придонес во активностите<br><br>Придонес во изведување на заклучоците |

# ПРИЛОГ 6: ТРОЈЦА НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ НА КОНКУРСОТ „МОЈАТА ПЕСНИЧКА – МОЈА СЛИКА ЗА ШАРЕН СВЕТ“ СО УЧЕСТВО НА НИВНИ ПЕСНИ ПОДГОТВЕНИ ВО РАМКИ НА ИСТОИМЕНАТА АКТИВНОСТ

Кога се сака и се верува со целото битие во работата што секојдневно ја извршуваме, нема промена што не сме спремни да ја направиме, задача што не сме спремни да ја завршиме, ниту пак ни недостасува ентузијазам да истраеме. Одделенската наставничка Вилдан Даутовска е пример за тоа.

Нејзините ученици, Ниса Мусли, Мухамед Акил Куртиш и Али Љатиф, сите од истото III Т одделение од ООУ „Јашар Беј Шкупи“, ги освоија првите три места на конкурсот објавен од Министерството за образование и наука во соработка со меѓународниот поетски фестивал „Струшки вечери на поезијата“ за творење песна на тема „Мојата песничка – моја слика за шарен и весел свет“.




Одделенската наставничка на оваа паралелка од турската настава во училиштето, Вилдан Даутовска, со своите ученици, во текот на февруари и март се приклучија кон проектот на Институтот за комуникациски студии „Инклузивно и креативно медиумско образование“. Во рамките на проектот, таа со своите ученици низ неколку активности ги адаптираа наставните принципи на финскиот модел за инклузивно медиумско образование и токму активноста преку кои учениците твореа на конкурсната тема беше дел од процесот на адаптација. Оваа активност е и дел од „Водичот за инклузивно медиумско образование“.

„Со големо задоволство и ентузијазам ги реализирав активностите во рамките на проектот за Инклузивно и креативно медиумско образование. При самата изведба на активностите, внимателно ги применив сите наставни принципи за дизајнирање на инклузивна медиумска писменост. Имавме пристап што ги вклучуваше сите ученици, при што вложивме напори кон соработка и заедничко учење. Во согласност со принципот „Соработувајте каде што е можно“, сите ученици имаа можност да пребаруваат на интернет за релевантни информации и веродостојни извори, што ни овозможи да анализираме и препознаеме точни и неточни информации. Овој пристап нè поттикна да го развиваме критичкото мислење, што беше важен дел при реализација на активноста.

Како дел од процесот, нашето учество на конкурсот објавен од Министерството за образование и наука, во соработка со меѓународниот поетски фестивал „Струшки вечери на поезијата“, беше едно од највозбудливите искуства. Инспирирани од темата „Мојата песничка – моја слика за шарен и весел свет“, децата пребаруваа фотографии низ интернет со кои ги презентираа нивните чувства за нивниот замислен весел и шарен свет, чувства кои потоа ги  преточија во своите песни, што резултираше со освојување на прво, второ и трето место на конкурсот. Ова беше неочекуван успех кој нè исполни со радост и мотивација.

Сите ние бевме исполнети со голема среќа од овој успех, што не само што ги поттикна учениците да продолжат со своето креативно изразување, туку и нè мотивираше да продолжиме со реализација на активности, применувајќи ги принципите на инклузивна медиумска писменост.“ *Вилдан Даутовска, одделенски наставник*.

„Последниве месеци во школо реализираме многу интересни активности. Изработуваме книга за која ќе имаме промоција, учевме знаковен јазик, пишувавме поезија и многу други активности. Нашата наставничка ги испрати нашите песни на конкурсот во Министерство за образование. Јас освоив прво место, многу сум среќен, се чувствувам како шампион, а и добив многу квалитетни ‘филипс’ слушалки.“ *Али Латиф – ученик во трето одделение*.

„Пишувањето поезија мислев дека е само дел од секојдневните активности кои ги реализираме во школо. Кога ни кажа наставничката дека ќе аплицираме на конкурсот во Министерство за образование, бев многу возбудена. Не очекував награда бидејќи конкурсот беше на државно ниво ама сметав дека вреди да се проба. Кога ме информираа дека сум добитник на втора награда, немам зборови со кои би можела да ви ја опишам мојата радост. Дури и кога одевме со наставничката во кабинетот на министерот каде што се одржа свеченото доделување на наградите сè уште не можев да верувам дека токму јас сум добитник на награда. *Ниса Мусли, ученичка во трето одделение*.

„В рака имам две книги кои цел живот ќе ме потсетуваат на успехот кој го постигнав со освојувањето трето место на конкурсот за најдобра песна при Министерството за образование. Едвај чекам да имаме и други вакви активности за да аплицираме на други конкурси. Директорот на училиштето нè пречека како да сме вистински ѕвезди и ни врачи медал кој цел ден не го извадив од вратот. Тој ден не престана да ѕвони телефонот на моите родители, сите ни честитаа. Бев многу горд, а и моето семејство е многу гордо за освоената награда.“ *Мухамед Акил Куртиш, ученик во трето одделение.*

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ:


- Towards inclusive media literacy - Instructional principles, 2023, https://icmeproject.eu/inclusive-media-literacy/

- **Perspectives on inclusive media education and media literacy** https://kavi.fi/wp-content/uploads/2023/06/inclusiveabstract.pdf

- Markéta Supa, Lucie Römer, and Vojtěch Hodbod, 2022, **Including the Experiences of Children and Youth in Media Education**, Inclusive Media Literacy Education for Diverse Societies, https://www.cogitatiopress.com/mediaandcommunication/issue/viewIssue/328/292

- Çiğdem Bozdağ, Annamária Neag, and Koen Leurs, 2022, **Inclusive Media Education in the Diverse Classroom: A Participatory Action Research in Germany**, Inclusive Media Literacy Education for Diverse Societies, https://www.cogitatiopress.com/mediaandcommunication/issue/viewIssue/328/292

- **Рамка за медиумска писменост во основното образование**, 2023, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/Ramka-za-mediumska-pismenost-vo-osnovnoto-obrazovanie_MK.pdf




Институт за
комуникациски
студии

www.icmeproject.eu